Република Северна Македонија
ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА
ДЕТСКА ГРАДИНКА "ПЛАНИНСКИ ЦВЕТ"
Бр. 04-191/1
15.07.2021 год.
ВЕВЧАНИ

Врз основа на чл. 3 и чл. 21 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Р.М. бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 143/19 и 14/20), чл. 143 ст. 10 од Законот за заштита на децата (Службен весник на Р.М. бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 104/19, 146/2019, 275/19 и 311/20), чл. 40 од Статутот на ЈОУДДГ „Планински Цвет,,- Вевчани, чл. 7 од Колективниот договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата (Службен весник на РСМ 133/19), Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДДГ „Планински Цвет,,-Вевчани и Согласноста бр.18-5033/2 од 22.06.2021 доставени од Министерството за финансии до МТСП, Директорот на ЈОУДДГ „Планински Цвет"-Вевчани донесе:

# О Д Л У К А

За избор на кандидат по Интерен оглас број 1/2021 за унапредување на давател на услуги во ЈОУДДГ,,Планински Цвет"- Вевчани

1. За извршител на работно место - **Воспитувач на деца од 2-6 годишна возраст – звање Ментор - ДЕЗ 03 03 В02 001 - 2. Воспитно - згрижувачка служба II.2.1 Оддел на воспитувачи**, по интерен оглас број 1/2021 за пополнување на работно место со унапредување на давател на услуги во ЈОУДДГ ,,Планински Цвет" - Вевчани објавен на огласната табла на установата и веб страната на општина Вевчани на ден 07.07.2021 година – на неопределно време **СЕ ИЗБИРА** кандидатот **КСЕНИЈА ВЕЛКОВСКА** од Вевчани.

2. Изборот е извршен врз основа на конечна ранг листа на интервјуирани кандидати кои ја поминале административната селекција и предлог за унапредување на прво рангиран кандидат по Интерниот оглас бр. 1/2021 заведен под архивски бр. 04-181/2 од 07.07.2021 година.

3. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување за именуваната.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства за унапредување на едно (1) лице на работно место – воспитувач, ментор на неопределно време, од Министерствот за финансии со архивски број 18-5033/2 од 22.06.2021 година доставено до Министерството за труд и социјална политика, Директорот донесе Одлука за потреба од вработување со распишување на интерен оглас за пополнување на работно место со унапредување на давател на услуги во ЈОУДДГ ,,Планински Цвет" –

Вевчани Бр. 04-181/1 од 07.07.2021 година. Интерниот оглас бр. 1/2021 заведен под архивски бр. 04-181/2 од 07.07.2021 година, за пополнување на работно место со унапредување на давател на услуги во ЈОУДДГ ,,Планински Цвет" – Вевчани , е објавен на ден 07.07.2021 година на огласната табла во установата и на веб страната на Општина Вевчани бидејќи установата нема своја сопствена веб страница.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на давател на услуги, комисијата за селекција за унапредување на даватели на услуги, формирана со Одлука за формирање на Комисија за селекција за унапредување – на пријавени кандидати по интерен оглас бр. 1/2021 и избор на давател на услуги од пониско работно место за унапредување во повисоко работно место – Воспитувач на деца од 2-6 годиша возрат – звање Ментор на неопределно време во ЈОУДДГ ,,Планински Цвет" – Вевчани со архивски број 04-181/6 од 12.07.2021 година, изврши административна селекција на пријавените кандидати со разгледување на документите по интерниот оглас бр.1/2021, проверка на веродостојноста на доказите, - Записник бр.04-181/7 од 14.07.2021 година на горенаведената Комисија и спроведе Интервју со пријавените кандидати кои ја поминаа првата фаза – административната селекција, Записник бр. 04-181/9 од 15.07.2021 година на горенаведената Комисија, по што изготви конечна ранг листа на пријавените кандидати и до Директорот е доставен Извештај со конечна ранг листа на пријавените кандидати, и Предлог за унапредување на прво рангираниот кандидат за работно место давател на јавни услуги **Воспитувач на деца од 2-6 годишна возраст – звање Ментор - ДЕЗ 03 03 В02 001 - 2. Воспитно - згрижувачка служба II.2.1 Оддел на воспитувачи**, заведен под архивски број 04 – 181/10 од 15.07.2021 година, при што се констатира дека на интерниот оглас за унапредување за работното место **Воспитувач на деца од 2-6 годишна возраст – звање Ментор** единствено конкурирал избраниот кандидат Ксенија Велковска.

Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволните кандидати, може да изјават жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 8 (осум) дена од приемот на Одлуката за избор,

Доставено до
-Именуваниот
-Кандидатите по интерниот оглас
-Архивата

ЈОУДДГ,,Планински Цвет"- Вевчани
Директор,
Виолете Батkоска

Јавна општинска установа Детска градинка ,,Планински Цвет" Република Северна Македонија Вевчани